Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен Весник на Република Македонија бр. 199/14, 44/15, 44/15 , 193/15, 31/16 и 163/16) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров, пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/13), и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров-Скопје, го дава следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

Се известуваат граѓаните и правните лица, дека Општина Ѓорче Петров донесе Решение за организирање на:

**Повторна Јавна презентација и Јавна анкета**
**на Предлог Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 14,**

дефиниран со следни граници на плански опфат:

- Север: осовина на градска магистрална улица „Црногорска",
- Запад: осовина на собирна улица „Сремски Фронт",
- Југ: осовина на собирна улица „Ѓорче Петров",
- Исток: осовина на градска магистрална улица – булевар „Македонска војска"

Површината на планскиот опфат изнесува 64.96ха.

- Повторната Јавна анкета ќе трае 5 работни од 14.07.2017год. до 20.07.2017год., согласно објавата за организирање на повторна јавна анкета и јавна презентација во јавните гласила „Вечер" и „Нова Македонија", во информацискиот систем е-урбанизам и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
- Во периодот на повторната јавна анкета предлог деталниот урбанистички план за градска четврт СЗ 14 ќе биде изложен во просториите УЗ Ѓорче Петров, Општина Ѓорче Петров, секој работен ден од $08.^{00}$ до $16.^{00}$ часот.
- Соопштението за организирање на повторна јавна анкета е објавено во Јавните гласила „Вечер" и „Нова Македонија", во информацискиот систем е-урбанизам и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
- Повторната јавна презентација со стручно презентирање на планот за претставници на јавните претпријатија и институции, ќе се одржи на 19.07.2017 (среда) во $13^{00}$ часот во просториите на УЗ Ѓорче Петров, додека повторната јавна презентација со стручно презентирање на планот за заинтересираните граѓани, ќе се одржи на 19.07.2017 (среда) во $15^{00}$ часот во просториите на УЗ Ѓорче Петров.
- Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да доставаат забелешки на анкетните листови во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.

**Број 09-632/5**
**од 01.03.2017 година**
**Скопје**

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**
**Сокол Митровски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Општина Ѓорче Петров
СКОПЈЕ